*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Број 09-6364/1*
*10.10.2023 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 50 став 1 точка 13, 14 и 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 36 став 1 алинеја 9 и 10 од Статутот на општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14, 08/20 и 05/21), а согласно член 23 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл.весник на РСМ бр.10/2020), Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за назначување на службеник за млади**

1. Давид Ѓеоргиев вработен во Општина Штип и распореден на работно место со звање – Советник за одржување на информатички системи се назначува за службеник за млади.

2. Службеникот за млади ги извршува следните работни задачи и обврски:

- развивање, планирање и следење на активностите поврзани со младите и младинските политики;
- поддршка на работата на локалната самоуправа, локалниот младински совет, неговите членови, спроведувањето на неговата програма, известување и транспарентност;
- одржување на комуникација и редовна соработка со младинските форми на здружување и младите;
- следење на потребите на младите преку обезбедување истражувања за потребите на општината, консултации со млади и следење и информирање за анализи и истражувања за трендовите кај младите;
- обезбедување информации и информирање на младите;
- водење на база на податоци за разни младински активности, активни форми на младинско здружување и неформални младински групи за потребите на Истражувачкиот центар на Агенцијата за млади и спорт;
- редовна комуникација со Агенцијата за млади и спорт;
- да биде контакт за сите младински прашања на локалната самоуправа кон младите и јавноста; и
- службеникот за млади е одговорен за работата на Канцеларијата за млади.

3. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението број 09-3498/1 од 03.06.2022 година.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

*Секретар на Општина Штип:*
*Вишна Шорова-Ангелова*

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник,**
**Иван Јорданов**

*Доставено до:*
- *Архива*
- *Именуваниот*
- *Поранешниот службеник за млади*
- *Одделение за поддршка на Советот*